# **П Р Е П О Р А К А**

За **Христина Нунеска**

ученичка во СОЕПТУ „Кузман Јосифоски - Питу“ во Прилеп

Христина ја запознав пред три години, кога со тим на ученици дојде во Дневниот Центар за соработка. Низ многу активности во кои учествуваше се покажа како вредна, одговорна, соработлива, прецизна, точна, креативна, исполнителна. Истовремено таа е одличен ученик пофален и од професорите и од нејзините соученици кои ја сакаат и како добар, несебичен и пожртвуван ученик и другар.

. Совршен пример за ученик кој одлично балансира со учењето, вонnаставните активности, но и социјалниот живот. Скромна, ненаметлива но секогаш активно вклучена и на вистинското место. Се добива впечаток дека ја има истовремено на повеќе места. Нејзини квалитети брзо доаѓаат на виделина и секогаш има време, волја и желба за реализирање на активности. Учествуваше во многу проекти од училиштето кои ги имаме реализирано заедно со нашиот Дневен Центар-Ѕуница. Христина учествуваше и во групите од ученици од информатичката секција и кариерниот центар, кои реализираа повеќе активности за подобрување на секојдневието на децата со посебни потреби во нашиот Дневниот центар за лица со посебни потреби „Ѕуница“. Активно учествуваше и во хуманитарната акција за честитки изработени од учениците. Исто така секогаш се трудеше ненаметливо да оствари добра комуникација со сите наши корисници а нејзиното лично искуство што го има да го пренесе на своите соученици и сите заедно да придонесат во градењето еден подобар и посигурен свет за сите подеднакво... И сите заедно да допринесат за надминување на табуата кои сеуште постојат во нашето општество за лицата со посебни потреби...зошто Христина и нејзините другари и соученици се многу свесни млади луѓе кои веќе научија и знаат што треба да направат за другите особено за ранливите категории да бидат интегрирани во нашето општество..**бидејќи сите сме исти, а сите различни**...

Особена чест и задоволство е да се напише препорака за Христина која секогаш знае како да се биде пријател со корисниците и персоналот на Дневниот Центар и несебично да помага. Се надевам дека ќе и биде дадена и довербата од Ваша страна.

Дефектолог Татјана Јакимов

Во Дневен центар

„Ѕуница“-Прилеп